## ГОДИШЕН КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
## ПРВ, ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ
## УЧЕБНА ГОДИНА: 2023/2024




Декемвриска (дополнителна) сесија – по договор (информации ќе бидат објавени навремено на web страната на УГД)
Априлска (дополнителна) сесија – по договор (информации ќе бидат објавени навремено на web страната на УГД)
Октомвриска (дополнителна) сесија – по договор (информации ќе бидат објавени навремено на web страната на УГД)

Пријавување на испит во втора декада (во двојна сесија) е возможно до најдоцна 24 часа пред почетокот на рокот за полагање во таа декада (под услов испитот да не е пријавен во првата декада од истата сесија).

| Активност | Детали |
|---|---|
| Упис на семестар | Се реализира од страна на студентите во еиндекс. Доколку е по првпат, се избираат и предмети согласно студиската програма.<br>Доколку е по повисок пат, се презапишуваат сите неположени предмети (Важи за прв циклус).<br>**Предуслов**: Платени трошоци за упис на семестар + партиципација (семестар по првпат).<br>**Предуслов**: Платени трошоци за кредити ( при презапишување на предмети и/или повторување на семестар) (Важи за прв циклус).<br>**Предуслов**: Стекнати минимум кредити за повисока студиска година: 36 за втора, 90 за трета, 150 за четврта, 210 за петта и 270 за шеста студиска година (Важи за прв циклус).<br>Студентите кои нема да запишат семестар во рокот, автоматски се деактивираат. |
| Заверка на семестар | Електронските потписи се внесуваат од страна на наставниот и соработничкиот кадар во еиндекс. Електронски потпис се добива со добиени минимум 6 поени од предавања и 6 поени од вежби. Ова важи само за редовни студенти, за предметите кои се со формат различен од 0+0+X (Важи за прв циклус).<br>Заверката на семестарот се реализира од страна на студентите во еиндекс.<br>**Предуслов**: Да имаат пријавено проектни задачи за сите предмети од семестарот кој се заверува, преку е индекс (со соодветна уплата за истите).<br>**Предуслов**: Соодветна уплата за заверка на семестар + долг за партиципација (доколку постои / плаќање на партиципација на рати) - ценовник. |
| Пријавување на испити | Пријавувањето на испити се реализира од страна на студентите. Секој предмет може да се пријави само во една декада.<br>**Предуслов**: Семестарот на кој припаѓа предметот мора да биде заверен.<br>**Предуслов**: Освоени минимум 42 поени од предиспитни активности за редовни студенти, за предмети кои се со формат различен од 0+0+X) (Важи за прв циклус).<br>**Предуслов**: Предметот да не е положен и да нема не затворена пријава за истиот. Доколку се пријавува по 4-ти пат, се работи за комисиска пријава.<br>**Предуслов**: Соодветна уплата за пријава за испит. |
| Колоквиумска недела (Важи за прв циклус) | Се организира и реализира од страна на предметните наставници и соработници. Резултатите се внесуваат во еиндекс од страна на наставниците и соработниците. |
| Поднесување на барања од студенти | Сите типови на барања се поднесуваат преку еиндекс (за барањето се прикачуваат потребните документи): 1) Префрлување од друг Универзитет (само овој тип се поднесува преку овој модул) (Потребно е да се приложи исписница од Универзитетот /факултетот од кој доаѓа) (Важи за прв циклус); 2) Префрлување помеѓу факултети/насоки/студиски генерации во рамките на УГД; 3) Признавање на испити (Потребно е да се приложи и уверение со положени испити од каде се бара признавање и студиска програма од истата Институција); 4) Промена на статус: активен → во мирување (се приложува документ за оправдување на мирувањето), активен → испишан, испишан → активен, времено неактивен → активен, дипломиран → активен; 5) Промена на начин на студирање редовен → вонреден, вонреден → редовен (се приложува документ за оправдување на промената); 6) Промена на начин на плаќање; 7) Промена на изборен предмет; 8) Поврат на средства; 9) Процесирање на ЕРАЗМУС одлуки (се прикачува потребната ЕРАЗМУС документација за признавање на активностите); 10) Поништување на оцена; 11) **Било кој тип на барање од студент до единицата / Универзитетот**.<br>**Важно:** Поднесувањето на барањата за активирање на студии од било кој статус во Активен, како и за промена на начин на студирање (ред/вон или вон/ред) е бесплатно. Спроведувањето на овие и сите други барања од службите на УГД чини според ценовникот.<br>**Поднесувањето на Барање до архива на студентски досиеја чини 50,00 денари за А.Т.** Во ова барање експлицитно се наведува барањето / потребата на студентот. Статусот на барањето/предметот се следи во еиндекс. |
| Постапка за дипломирање (Важи за прв циклус) | Постапката за дипломирање се состои во следните чекори (реализацијата на сите подолу наведени чекори, комплетната администрација и следење на состојбата се врши **електронски**, во рамките на еиндекс ):<br>1. Најрано после запишување на последен семестар, студентот поднесува Пријава за изработка на завршен испит/дипломски труд;<br>2. Пријавата за изработка на завршен испит/дипломски труд се одобрува од Ментор и Научно - Наставен Совет на единицата (ННС).<br>3. По положувањето на сите испити и одобрување на Пријавата за изработка на завршен испит/дипломски труд, студентот поднесува Барање за проверка на досие;<br>4. Врз основа на поднесеното Барање за проверка на досие, наменска комисија која го вклучува и советникот во одделението за студентска архива донесува Извештај за некомплетирано досие (советникот во ОСА во е индекс ги наведува сите недостатоци и во комуникација со студентот истите се надминуваат). По комплетирање на истите, повторно се поднесува ново Барање за проверка на досие од страна на студентот; или Извештај за комплетирано досие (студентот добива автоматска е-пошта) и се нотира во досието (од страна на референтот) дека е комплетирано досието.<br>5. По комплетирањето на досието, студентот поднесува Пријава за јавна одбрана на завршен испит/дипломски труд. Единицата одредува комисија за одбрана, а студентотво договор со менторот одредуваат датум за јавна одбрана.<br>6. По реализација на јавната одбрана, комисијата утврдува и пополнува Записник од одбрана на завршен испит/дипломски труд и го доставува во ОСА.<br>7. Студентот во согласност со ценовникот за неговата генерација, реализира уплата за:диплома, уверение, додаток на диплома и футрола за диплома.<br>8. Советникот во ОСА го регулира статусот во еиндекс во Дипломиран и му овозможува на дипломираниот студент подигнување на сите потребни документи. |

# Ценовник за прв циклус на студии